# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 26 Јануари 2016 година Број 01/2016 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
| --- | --- | --- |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2016 год.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2016 год., бр. 08-143/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

| | |
| --- | --- |
| Бр. 09-143/2 | Градоначалник на |
| 26 Јануари 2016 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Сашко Николов с.р. |

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр. 66/04, 139/08 и 99/09) и член 21, точка 11 од Статутот на Општина Радовиш („Сл.гласник“ бр.01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11) Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на 25.01.2016 год. донесе

П Р О Г Р А М А
За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2016 година

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Радовиш предвидува да ги преземе во 2016 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), општина Радовиш ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и ќе презема мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци), општина Радовиш ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2015 година во износ од 400.000,00 денари.

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2016 ГОДИНА

| Ред .бр. | Мерки за заштита на населението | Временска рамка на преземени мерки | Субјект кој ќе ја спроведе мерката | Потребни средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Мај и Јуни | Општина Радовиш, заедно со ЗЗЗ, ЦУК и Друштво Лов и Траперство Готен-Радовиш | 5.000,00 |
| 2. | Проценка на површините за дезинсекција и дератизација | Мај и Јуни | Општина Радовиш, ЦРЈИПР, заедно со МЗШВ, ЗЗЗ, ЦУК | 5.000,00 |
| 3 | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсенција и дератизација | Јули | ЗЗЗ, општина Радовиш , ЦРЈИПР | - |
| 4. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Јули | Општина Радовиш, ЦРЈИПР | 5.000,00 |
| 5. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Јуни-јули | Избран извршител | 30.000,00 |
| 6. | Спроведување на дезинсенкција и дератизација (ларвицидна и адултицидна) | Јуни, јули, август и септември | Избран извршител | 325.000,00 |
| 7. | Печатење на инфо-материјали, дистрибуција и медиумска кампања | Јуни, јули, август и септември | Општина Радовиш, ЗЗЗ, НВО и др. | 5.000,00 |
| 8. | Извештај за спроведени активности | Јули, август, септември, октомври и декември | Избран извршител до општина Радовиш, ЦРЈИПР | 5.000,00 |
| | | | Вкупно : | 400.000,00 |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Рдаовиш„.

Бр. 08-143/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година, бр. 08-144/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-144/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 г., донесе

## ОДЛУКА
### За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година

I. Се прифаќа Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година, согласно согласно одлуката на Наставничкиот совет бр.03-30/2 од 14.01.2016 година, која е составен дел на оваа одлука.

II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-144/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на СОУ Коста Сусинов Радовиш, а во врска Акт бр. 12-118/1 од 05.01.2016 година на Министерство за образование и наука, Наставничкиот совет на СОУ"Коста Сусинов" Радовиш, на седница одржана на ден 14.01.2016 година донесе

## ОДЛУКА
### За Предлог План за запишување на ученици во прва година во учебната 2016/2017 година

Член 1

Се донесува Предлог План за запишување на ученици во прва година во учебната 2016/2017 година во СОУ"Коста Сусинов" Радовиш.

Член 2

Со Предлог планот се предлага во прва година во учебната 2016/2017 година да се запишат во:

Гимназиско образование: вкупно 6 паралелки со 204 ученика:
- 5 паралелки на македонски наставен јазик со 170 ученика
- 1 паралелки на турски наставен јазик со 34 ученика.

Стручно образование четиригодишно:

Геолошко-рударска и металуршка струка, образовен профил, металуршки техничар:
- 1 паралелки со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Електро-техничка струка, образовен профил, електротехничар за компјутерска техника и автоматика:
- 1 паралелка со 34 ученика на македонски наставен јазик.
- 1 паралелка со 34 ученика на турски наставен јазик.

Економско-правна и трговска струка, образовен профил економски техничар;
- 1 паралелки со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Сообраќајна струка, образовен профил, техничар за транспорт и шпедиција:
- 1 паралелка со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Хемиско-техничка струка, образовен профил прехранбен техничар:
- 1 паралелки со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Стручно образование реформирано тригодишно траење вкупно 3 паралелки 102 ученика:

Геолошко-рударска и металуршка струка, образовен профил, ракувач со рударски машини:

- 1 паралелка со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Електро-техничка струка, образовен профил, електроинсталатер и монтер:
-1 паралелка со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Економско правна и трговска, образовен профил продавач:
- 1 паралелки со 34 ученика на македонски наставен јазик.

Член 3

Одлуката да се достави до основачот, општина Радовиш, со цел објавување на Конкурс за запишување на ученици во прва година во учебната 2016/2016 година во јавните средни училишта во РМ од Министарство за образование и наука.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОУ Коста Сусинов Радовиш

_____________

Директор Венка Тадирова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување
на Одлуката за давање на согласност за учество и реализација на проектот
„Одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот
Регион општина Хаџидимово-општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање на согласност за учество и реализација на проектот „Одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот Регион општина Хаџидимово-општина Радовиш, бр. 08-145/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-145/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Заккнот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

ОДЛУКА

За давање zа давање на согласност за учество и реализација на проектот
„Одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот
Регион општина Хаџидимово-општина Радовиш

Член 1

Со оваaa одлука се дава согласност за учество и реализација на гореспоменатиот проект по повикот на ИНТЕРРЕГ-ИПА прекугранична програма. Заедно со партнерската општина Хаџидимово со вкупен буџет ос 400.000 евра.

Член 2

Активностите кои се однесуваат на развој и имплементација на планираните активности и средства кои ќе бидат дадени и набавени како дел од проектот за слободна употреба, ќе бидат дел од споменатиот проект 5 (пет) години по завршувањето на проектот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-145/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Правилникот за утврдување критериуми
за распоредување на средства на здруженија на
граѓани, невладини организации,
спортски клубови и поединци од буџетот на
општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш, бр. 08-146/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-146/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст.1 т.43 и чл.32 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 г., донесе

ПРАВИЛНИК
За утврдување критериуми за распоредување
на средства на здруженија на граѓани,
невладини организации, спортски
клубови и поединци од буџетот на општина
Радовиш

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за доделување и трансферирање финансиски средства до здруженија на граѓани, невладини организаци, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш во текот на буџетската година.

Член 2

Здруженијата на граѓани, невладини организации и спортски екипи од општина Радовиш, за добивање средства од Буџетот на општината може да конкурираат на два распишани огласи, едниот за невладини организации и здруженија на граѓани, а другиот за спортски екипи и здруженија на граѓани, под следните услови:

- да достави Извештај за работата од претходната година потврден од Управниот Одбор со прилог завршна сметка (доколку поднесуваат);
- Програма за работа и финсиски план за тековната година;
- Извештај за работата во тековната година до периодот на доставување на документацијата:
- Преглед на проекти реализирани во претходна година;
- Проекти за претходна и тековната година и апликации до каде ги имаат доставено и датум на аплицирање со утврдена цел на проектот, очекуван резултат, до каде е постапката по аплицирањето;
- Преглед на носители и донатори на проектите;
- Тековна состојба од Централен регистар;
- Извештај за наменското користење на досега добивните средства;

Член 3

Барањата се доставуваат до Советот на општината, односно до соодветната надлежна комисија. Комисијата за финансирање и буџет ги прима барањата од невладини организации и здруженија на граѓани, а до Комисијата за образование, спорт и клутура се доставуваат барања од спортски екипи и здруженија на граѓани од областа спорт и клутура, до крајот на месец март во тековната година.

Член 4

Комисиите ги разгледуваат барањата и вршат распоред на средствата во месец април/мај во тековната година.

Член 5

Поединци може да доставуваат барања во текот на целата година до Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за образование, спорт и клутура, Комисијата за здравство и социјална заштита и до Комисијата за еднакви можности.

За искористувањето на добиените средства корисниците поднесуваат извештај.

При секое наредно барање на средства, кон барањето, задолжително се доставува извештај за наменското користење на претходно добиените средства.

Член 6

Освен средствата добиени од член 2, 3 и 4 од овој Правилник, во текот на годината може да доделуваат средства и за:

Спорт со задолжителна покана од организаторот

-за учество на меѓународни натпревари

-клуб/здружение од 30.000 денари до 60.000 денари

-поединец од 15.000 денари до 30.000 денари

Култура со задолжителна покана од организаторот

-за учество на меѓународни натпревари

-клуб/здружение од 30.000 денари до 60.000 денари

-поединец од 15.000 денари до 30.000 денари

Образование и техника со задолжителна покана од организаторот

-за учество на меѓународни натпревари

-клуб/здружение од 30.000 денари до 60.000 денари

-поединец од 15.000 денари до 30.000 денари

За културно-уметнички манифестации со задолжителна покана од организаторот

-меѓународна од 30.000 денари до 60.000 денари

-поединец од 15.000 денари до 30.000 денари

За печатење на книга од 10.000 денари до 20.000 денари

Член 7

До Комисијата за здравство и социјална заштита се доставуваат барања за лекување и здравствени потреби

-надвор 6од државата од 30.000 денари до 60.000 денари

Составен дел на барањето е медицинската документација и важи само за исклучиво тешки болести. Средствата се користат еднаш годишно.

- во државата од 10.000 денари до 30.000 денари

Средствата се користат еднаш годишно.

Член 8

Корисници на средства се жители на општина Радовиш: самохрани родители, невработени или само еден вработен во семејството, семејства на лице со хендикеп и други лицаа корисници на социјална помош и лица кои не се корисници на социјална помош.

Член 9

Се додоелува еднократна помош на семејства настрадани во поплави, пожари, земјотреси или друга непогода или загрозена состојба во висина од 2.000 денари до 6.000 денари.

Составен дел на барањето е увид во проценка на штета и записник од полициска станица.

Член 10

Средствата се доделуваат на предлог на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за образование, спорт и клутура, Комисијата за здравство и социјална заштита и Комисијата за еднакви можности.

Средствата во висина до 10.000 денари ќе се исплаќаат со одлука на градоначалникот по претходно оодбрени средства од соодветната комисија и усвоен извештај на Комисијата од страна на Советот на општината.

За средствата одобрени над 10.000 денари Советот на општината донесува посебна одлука.

Член 11

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и невладини организации од буџетот на општина Радовиш бр. 07-1340/1 од 15.06.2007 г. и Правилникот за утврдување на критериумите, условите, постапката и висината за доделување на парична помош бр. 07-125/1 од 27.01.2011 г.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-146/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на
Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување, за состојбата со шумские пожари во општина Радовиш, бр. 08-147/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-147/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Заклучокот за усвојување на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина
Радовиш

I. Се прифаќа Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш, број 25-92/113 од 27.10.2015 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-147/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на
Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата
со шумскиот фонд во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш,
бр. 08-148/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-148/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш

I. Се прифаќа Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш, број 25-92/124 од 26.11.2015 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-148/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник

на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Решението за разрешување на
претставник од Единицата на
локалната самоуправа Радовиш во
Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„
Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за разрешување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш, бр. 08-149/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-149/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за разрешување на претставник од
Единицата на локалната самоуправа
Радовиш во Управниот одбор
на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш

I. Се разрешува Оливера Долдурова од претставник на Единицата на локална самоуправа Радовиш во ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-149/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Решението за именување на претставник
од Единицата на локалната самоуправа
Радовиш во Управниот одбор
на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решението за именување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш, бр. 08-150/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-150/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за именување на претставник од Единицата
на локалната самоуправа Радовиш во
Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„
Радовиш

I. Се именува Оливера Долдурова од претставник на Единицата на локална самоуправа Радовиш во ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-150/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовиш на спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовишна спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година, бр. 08-151/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-151/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

ОДЛ У К А
за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовишна спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година

Член 1
Се распишува јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовиш на спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година .
Јавниот повик се задолжува да го распише градоначалникот на општина Радовиш.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-151/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства за награди за верскиот празник Богојавление-Водици

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства за награди за верскиот празник Богојавление-Водици, бр. 08-152/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-152/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01. 2016 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства за награди за Богојавление-Водици во општина Радовиш

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во висина од 55.000 денари за награди за празникот Богојавление-Водици 2016 година на лицата:

1. Стојан Вучковски Радовиш -20.000 денари
2. Љупче Ристов с.Раклиш -5.000 денари
3. Стивен Владевски с.Ораовица-5.000денари
4. Бојан Веселинов с.Подареш -5.000денари
5. Велин Стоилов с.Јаргулица -5.000денари
6. Гоце Рујков с.Покрајчево -5.000денари
7. Стојче Стојанов с.Злеово -5.000денари

8. Серафим Стојанов с.Калуѓерица-------------------------------------------------------- -5.000 денари

Член 2

Со донесувањето на ова Одлука се ставе вон сила одлуката број 08-2089/1 од 23.12.2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-152/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 09-153/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 25.01.2016 год.

Бр. 09-153/2 Градоначалник на
26 Јануари 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 25.01.2016 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 25.01.2016 год. и тоа:

-Комисија за образование, спорт и култура, 34-та одржана на 12.01.2016 год. и 35-та седница одржана на 25.01.2016 година;

-Комисија за здравство и социјална заштита 22-ра седница одржана на 25.01.2016 година;

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој седница 35-та седница одржана на ден 25.01.2016 година;

-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања 19-та седница одржана на ден 25.01.2016 година;

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-153/1 Совет на општина Радовиш
25 Јануари 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2016 год. ------------------------------ 1
Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2016 год. ------------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година ----------------------------------- 2
ОДЛУКА За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2016/2017 година ----------------------------------- 3
ОДЛУКА За Предлог План за запишување на ученици во прва година во учебната 2016/2017 година ----------------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност за учество и реализација на проектот „Одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот Регион општина Хаџидимово-општина Радовиш --------------- 4
ОДЛУКА За давање за давање на согласност за учество и реализација на проектот „Одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот Регион општина Хаџидимово-општина Радовиш --------------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш -------------------------------------------- 5
ПРАВИЛНИК За утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш -------------------------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш ------------------------------ 7
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Заклучокот за усвојување на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш -------------------------------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш -------- 7
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Заклучокот за усвојување на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш -------------------------------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш -------------- 8
РЕШЕНИЕ за разрешување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш --------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш --------------------- 8
РЕШЕНИЕ за именување на претставник од Единицата на локалната самоуправа Радовиш во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш --------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовиш на спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година ------------- 9
ОДЛУКА за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот на општина Радовишна спортските клубови од општина Радовиш за 2016 година ---------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за награди за верскиот празник Богојавление-Водици ---------------------------- 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства за награди за Богојавление-Водици во општина Радовиш ----------------------------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш -------------------------------------------- 10
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на на Советот на општина Радовиш -------------------------------------------- 10